ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 08-853/11
24.08.2026 год.
КРАТОВО

**ОПШТИНА КРАТОВО**
**Плоштад „Маршал Тито„ бр.1 ,1360 Кратово**
**контакт тел.031/481-202**
**www.opstinakratovo.gov.mk/contact.kratovo@gmail.com**

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), согласно Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.469/2026 доставен од Агенцијата за администрација на РСМ бр.10-1681/8 од 19.08.2026 година, Секретарот на општина Кратово, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник**
**по Јавен оглас бр.469/2026**

1. За извршител на работното место **Виш соработник за администрирање на даноци и такси, во Одделение за финансиски прашања во Општина Кратово, со шифра на УПР 0101 В02 000,** се избира кандидатот:

**- Славјанка Пицанова,** со идентификациски код 5D7A99F.

2. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука, Градоначалникот на општината донесува решение за вработување на неопределено време.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

***Образложение***

По барање на Општина Кратово, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 469/2026 на 08.07.2026 година, на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Лајм, за вработување на административен службеник – 1

извршител, за работно место од Точката 1. Виш соработник за администрирање на даноци и такси, во Одделение за финансиски прашања во Општина Кратово, со шифра на УПР 0101 В02 000.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение од Агенцијата за администрација бр.10-1681/3 од 13.07.2026 година, спроведе постапка за административна селекција за административни службеници со Записник бр.10-1681/4 од 27.07.2026 година.

Комисијата за селекција по спроведениот Испит за административен службеник состави Записник бр.10-1681/6 на 17.08.2026 година, и спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со Записник бр.10-1681/7 на 19.08.2026 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција Комисијата за селекција до Општина Кратово достави Конечна ранг листа на кандидати и Предлог за вработување на кандидат за работното место по Јавен оглас бр. 469/2026 со бр.10-1681/8 од 19.08.2026 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страната и Огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвил Јасминка Крстевска

Да се достави до:

- Агенцијата за администрација
- Архивата на Општина Кратово
- Избраните кандидати

**Секретар**
**на општина Кратово**
**Радмила С. Китанова**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО • КРАТОВО 1